
ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНИ ИНИЦИЈАТИВИ НАДЕЖ

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

ЗА 2022



“ Да го промениме светот. Да подариме надеж!“

ЛИЧНА КАРТА НА Ц.С.И. НАДЕЖ

ВИЗИЈА

Квалитетно живеење и економска благосостојба за маргинализираните заедници во Северна Македонија

МИСИЈА

Здружение Ц.С.И. Надеж Скопје е граѓанска организација која активно се залага за подобрување на квалитетот на живот преку овозможување еднаков пристап до квалитетно образование, социјална интеграција и која промовира и реализира активности за стекнување на вештини на младите и маргинализираните заедници со фокус на Ромите во Р.Северна Македонија

НАШИ ВРЕДНОСТИ:

Социјална правда

Еднакви образовни можности

Учество на младите

Родова еднаквост

Зајакнување

Еднаквост

СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ

1. Овозможување на воспитно-образовна поддршка на деца и млади од маргинализирани семејства за полесно совладување на содржините во училишното и предучилишното образование;

2. Поддржување на ре-интеграцијата и вклученоста на повратниците од Европските земји во локалните заедници;

3. Зголемување на вклученоста на младите во локалните заедници;

4. Подобрување на социјалната вклученост на маргинализираните групи преку концептот на социјално претприемништво



ШТО РАБОТИМЕ

“ЗАЕДНИЧКИ УСЛУГИ ЗА РЕИНТЕГРАЦИЈА”

Заеднички услуги за реинтеграција се сржта на Програмата за реинтеграција на Фронтекс. Оваа програма предвидува обезбедување помош за реинтеграција на повратниците кои заминуваат на доброволна или недоброволна основа од земјите-членки и земјите поврзани со Шенген, во нивните земји на потекло. Во исто време, придонесува за ефективна политика за враќање во Европската унија, обезбедувајќи враќањето да се врши на достоинствен и хуман начин. За спроведување на оваа помош, Фронтекс склучи партнерство со CARITAS International Belgium кој соработува со ЦСИ НАДЕЖ во СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА за да осигура обезбедување на високо ниво на поддршка (помош по пристигнувањето и помош по враќањето).

АКТИВНОСТИ

1. Јакнење на организациските капацитети за работа со повратниците од земјите членки преку JRS програмата (обуки на проектниот тим за работа во специјализираната платформа RIAT преку која се реализираат сите проектни активности, како и активности за вмрежување на сите партнери учесници во проектот)
2. Реинтеграциони пакети
   Реинтеграционата поддршка се состои од два вида пакети:
   - краткотраен пакет во времетраење од 3 дена (помош при пристигнување), кој ги вклучува следните достапни услуги: пречек на повратникот на аеродром, организирање превоз до местото на живеење/сместување,привремено или итно сместување во времетраење од макимум 3 дена по пристигнувањето, медицинска поддршка по пристигнувањето;
   - долготраен пакет во времетраење до 12 месеци (помош по враќањето), кој ги вклучува следните достапни услуги: долготрајно сместување, медицинска поддршка,образование(школување, тренинг/доквалификација), советување за вработување и поддршка за пристап до пазарот на труд, правна помош, психосоцијална поддршка,поддршка за започнување мал бизнис.

Во текот на 2022 год во рамки на програмата беше верификуван 1 случај и пружена реинтеграциона поддршка (пакет за помош по враќањето).

“ИНСПИРИРАЈ, МОТИВИРАЈ, ДЕЛУВАЈ ЗА ПОДОБРО ОБРАЗОВАНИЕ”

Главна целна проектот е поттикнување на подобра образовна интеграција на учениците со низок социо-економски статус во заедницата и подигнување на свеста помеѓу локалните чинители за потребата од преземање акција за надминување на последиците од нискиот социо-економски статус врз образовниот и личен развој на учениците.

Активности

1. Активности за зајакнување на капацитетите на ЦСИ НАДЕЖ за поддршка на учениците со низок социо-економски статус и за работа на образовни прашања во заедницата и пошироко;
2. Активности за намалување на последиците од нискиот социо-економски статус врз образовните постигнувања на учениците;
3. Активности за инволвирање на самите ученици и семејствата во процесот на изнаоѓање решенија за подобрување на нивната свест и разбирање за потребата од преземање акции за намалување на последиците од нискиот социо-економски статус врз образовниот и личен развој;
4. Активности за зајакнување на разбирањето и сопствената свест на учениците да ги разберат и практикуваат вредностите за да им помогнат на оние кои се погодени од сиромаштија.





Резултати

- Подобрени капацитети на 15 претставници на персоналот и волонтерите на Надеж за:спроведување истражувачки активност, за лобирање и застапување , стратешко планирање, активности за мобилизација на ресурси.
- Изработена стратегија за комуникација и видливост на ЦСИ НАДЕЖ strategija vidlivost final ang (csinadez.mk);
- Подобрен успех и редовност во училиште на 25 деца со низок социо економски-статус од Шуто Оризари на возраст од 5-9 одд;
- Зајакнати знаења и вештини на 30 родители на деца со низок социо економски статус од Шуто Оризари за грижа за приватноста и заштита на децата од онлајн насилство преку организирање на 2 работилници;
- Зајакната свеста кај 33 родители на деца со низок социо-економски статус од Шуто Оризари за важноста на менталното здравје и благосостојба и потребата да ги заштитат своите деца од економско насилство и злоупотреба ;
- Пружена советодавна помош и поддршка од стручниот тим на повеќе од 88 родителите за тековни проблеми со кои се соочуваат;
- Креирана платформата АННО преку која која учениците,целна група на проектот земат директно учество во креирањето на дел од содржините во рамки на Платформат,ги актуализира предизвиците со кои самите се соочуваат, нивните семејства, наставници .
- Подготвени и објавени 53 содржини од ученици и 95 соджини од проетниот тим на платформата АННО. https://csinadez.mk/anno/;
- Изработена on line Брошура на добри практики реализирани во проектот. https://csinadez.mk/anno/wp-content/uploads/2022/10/AnnO-Ebroshura-1.pdf
- Зајакнати знаења и вештини на 67 деца со низок социо економски статус од Шуто Оризари на возраст од 6-9 одд. преку 3 работилници за грижа за нивната приватност и заштита од онлајн насилство;
- Подигната свест на 50 деца со низок социо-економски статус од Шуто Оризари на возраст од 6-9 одд. за важноста на менталното здравје и благосостојба и потреба да се заштитат од економско насилство и злоупотреба преку организирање на 3 работилници.
- Подобрени капацитети на 21 наставници и 2 претставници од стручна служба од ОУ „Браќа Рамиз-Хамид“ за работа со деца погодени од сиромаштија.
- Стекнати знаења за администрирање на платформамата АННО на 4 претставници-наставници од основното училиштето „Браќа Рамиз –Хамид
- Зајакнати капацитети на 14 претставници (директори, стручна служба на училиштето и претставници на општини кои беа ученици во проектот) за мобилизација на ресурси.
- Пренесени искуства и позитивни практики од пилот фазата на 54 претставници од останатите четири училишта кои учествуваат во проект.

“СТРАТЕШКИ ПЕРСПЕКТИВИ ЗА РАБОТА СО МАРГИНАЛИЗИРАНИ МЛАДИ ОД СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА”

Општата целна овој проект е да се подобри социјалната инклузија на маргинализираните групи млади преку концептот на социјално претприемништво и мобилизација на ресурси.

Активности

- Организирање на обука за социјално претприемништво
- Менторирање за развој на бизнис план на ЦСИ НАДЕЖ за социјално претприемнички активности
- Организирање и спроведување на фокус групи
- Креирање и реализација на промотивна кампања на социјални медиуми за “Дарежлив вторник”
- Креирање и реализација на промотивна кампања “Новогодишно дарување”
- Креирање и реализација на промотивна кампања “Корпоративно дарување”



Резултати:

- 20 учесници (8 членови на ЦСИ НАДЕЖ и 12 млади надвор од Организацијата) се стекнаа со теоретски и практични знаења и вештини за концептот на планирање, имплементација и проценка на влијанието на социјалното претприемништво за потребите на ЦСИ НАДЕЖ;
- Развиени 2 бизнис планови (Социјално претпријатие Палета нега за услуг за грижа и нега на стари лица и Социјално претспијатие АХА-социјално кафе);
- Спроведени 2 фокус групи со 18 учесници од целниот пазар кои имаа водена дискусија за двата завршени бизнис планови развиени за време на менторскиот процес и донесени заклучоци и оцени за понудените услуги;
- Собрани вкупно 1109 USD на 30 ноември 2022, а CSI NADEZ беше рангирана на 494 од 2248 организации кои активно учествуваа во кампањата“Дарежлив вторник”во рамки на платформата GlobalGiving;
- Во рамки на кампањата“Новогодишно дарување” која ја поддржаа Тинех Маркет, Тримакс Книжарници, Македонска Медицинска студентска асоцијација, амбасадорот на Унгарија господин Лазло Дукс, авторот Живко Гроздановски, беа обезбедени 200 новогодишни и едукативни пакетчиња за децата од Едукативниот Центар НАДЕЖ;
- Креирана и промовирана кампања “Корпоративно дарување” со вкупен опфат на кампањата на социјалните мрежи од 36000, а опфатот на кампањата лично се проценува на околу 100 луѓе; како и опфат на широка популација со радио интервјуто на Сити радио (кое е рангирана како најслушана радио станица во Македонија со 100.000 слушатели дневно);кампањата беше поддржана од Тримакс книжарници преку поставување донациски пултови и кутии во нивните книжарници низ Македонија, и во рамки на истата беа обезбедени училишни материјали за децата од Едукативниот Центар НАДЕЖ на почетокот на учебната 2022/2023 год.



“ТАА МОЖЕ,ТАА ЌЕ УСПЕЕ:СО ВЕШТИНИ ДО ЕКОНОМСКА НЕЗАВИСНОСТ”

Проектот **„Таа може, таа ќе успее : Со вештини до економска независност“**финансиран од **Weltgebetstag der Frauen, Германски комитет продолжи со имплементација и во 2022 година.** Проектот ги поттикна младите жени од различно етничко потекло да бидат економски независни и им даде корисни вештини за полесно вклучувањена пазарот на труд.

Главна цел на проектот е да се подигне свеста за родовата еднаквост и да се популаризира темата кај пошироката јавна публика преку медиумски производи произведени од македонски новинари, објавени на македонските онлајн медиуми и националните ТВ станици.



Активности:

- Организирање на три стручни обуки на тема „Нови модни трендови во фризури“ за вкупно 40 ученици во трета година на фризерската програма од училиштата „Шаип Јусуф“ и „Димитар Влахов“;
- Работилници за користење на социјалните медиуми за промовирање на мал бизнис;
- Работилници за родова еднаквост кои ќе опфатат теми: Родово засновано насилство во различни земји, Како да ги научиме момчињата и девојчињата дека имаат еднакви права? Главните предизвици со кои се соочуваат жените на работното место, Улогата на училиштата во учењето на децата на однесувања кои се сметаат за соодветни за нивниот пол;

- Организирање на две младински акции за подигнување на важноста на родовата еднаквост во секое средно училиште;
- Креирање на 3 медиумски производи на тема родова еднаквост;
- Организирање бесплатни фризерски услуги за маргинализирани жени, стари жени, болни жени итн. Вкупно 20 ученици од сите години на фризерската програма од СОУ „Шаип Јусуф“ ќе даваат бесплатни фризерски услуги во општина Шуто Оризари;
- Организирање на две посети во старечки дом од ученици од СОУ „Димитар Влахов“.



Резултати:

- Зајакнати капацитети за подобра почетна позиција на пазарот на трудот
- Зголемена свест за родовата еднаквост, особено за улогата на жената во заедницата и во поширокото општество
- Зголемена свест кај младите за помош на маргинализираните групи

“ПОДОБРО РОДИТЕЛСТВО ЗА ДОБАР УСПЕХ НА РОМСКИТЕ ДЕЦА ВО УЧИЛИШТЕ”

Целна проектот: Обезбедување образовна поддршка на децата и младите од маргинализираните семејства за полесно совладување на содржините во училишното и предучилишно образование

Активности:

1. Обезбедување дополнтелна образовна поддршка на 40 деца од ранливи семејства во нашиот Центар и советодавна поддршка за родителите

2. Зајакнување капацитетите на родителите Роми преку 10 интерактивни работилници само за родители и 8 интерактивни работилници за деца и родителина следните теми:

- „Меѓународен ден за заштита на децата“;
-„ Стоп за насилството од врсниците “;
- „Одговорно родителство“;
-„ Казната и наградата како мерка што се користи во воспитувањето на децата “;
- „Родова еднаквост“;
- „Сајбер-малтретирање“;
- „Здрава исхрана“;
- „Образованието е основно средство за светла иднина на сите деца“;
- „ Видови семејства “.





Резултати:

1. Обезбедена секојдневна дополнителна образовна помош на 40 деца од ранливи категории на семејства по сите училишни предмети

2. Обезбедена советодавна поддршка на родители на децата – корисници на дополнителна образовна помош (социјална, здравствена)

3. Зајакнати капацитети на над 60 родители Роми преку 18 интерактивни работилници и тоа 10 само со родители и 8 со деца и родители





ЕВРОПСКИ КРЕАТОРИ НА ПРОМЕНИ. ОБЛИКУВАЊЕ НА ИДНИНАТА

Европските креатори на промени е европска мрежа предводена од Образование за меѓузависен свет (EDIW), меѓународна асоцијација создадена во 1996 година со седиште во Брисел и други 11 национални организации кои припаѓаат на десет европски земји, со ЦСИ НАДЕЖ како една од нив.

АКТИВНОСТИ:

- ПОВРЗУВАЊЕ: Здружување на младите низ ЕУ и пошироко

-Дигитални алатки - платформа, создавање видео и социјални мрежи

- ЗАЈАКНУВАЊЕ на младите преку квалитет, иновации и препознавање на младинската работа

-Учење за демократија- Училиште за демократија

-Социјално претприемништво и развојнапроекти

-Развој на компетентност

- ВКЛУЧУВАЊЕ: Поттикнување на младинското учество во демократскиот живот и посветеност во подобрувањето на вклученоста во ЕУ

-Учество – Градење на европската припадност

-Вклучување - учење и споделување

-Вклучување- Услуги за учење и волонтирање

РЕЗУЛТАТИ:

- Поврзани млади од 12 Европски организации, вклучувајчи персонал, членство, волонтери;
- Подобрена социјална инклузија на маргинализирани групи преку концептот на социјално претприемништво;
-Развиен бизнис план за социјално претприемништво за маргинализирани групи;
-Научени и споделени најдобри практики и можности за младинска мобилност меѓу сите учесници на проектот;
-Креирани материјали за комуникациј меѓу младите луѓе во рамки на мрежата и пошироко;
-Опфатени различни култури и јазици во Европа преку креирање на материјали за 10 земји.



МОЖЕТЕ ДА НЕ СЛЕДИТЕ И НА СОЦИЈАЛНИТЕ МЕДИУМИ

ВЕБ СТРАНАhttp://www.csinadez.mk/

FACEBOOK https://www.facebook.com/C.S.I.Nadez

BLOG http://ouryouthcentrenadez.wordpress.com/

YOUTUBE http://www.youtube.com/csinadezmk

LINKEDIN http://www.linkedin.com/company/centre-for-social-initiatives-nadez/?viewAsMember=true/

INSTAGRAM http://www.instagram.com/zcsinadez/